# Македонска Асоцијација на Земјоделски Задруги

ИНФОРМАТОР 9 | ИЗДАДЕНО ОД: Македонска Асоцијација на Земјоделски Задруги | 9[го] издание | Ноември, 2021



## Остварена средба помеѓу претставници на Македонската асоцијација на земјоделски задруги и Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој

## МАЗЗ дел од Нацрт – Стратешки план за развој на земјоделските задруги (2022-2028)

## МАЗЗ дел од завршната конференција на проектот „Поддршка за развој на земјоделски задруги“

## Делегација на МАЗЗ во посета на 15-от по ред саем за Етно храна и пијалоци во Белград

## Одржана обука за Маркетинг и брендирање во земјоделски задруги

# Остварена средба помеѓу претставници на Македонската асоцијација на земјоделски задруги и Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој



Делегација на Македонската асоцијација на земјоделски задруги предводена од Претседателката г-ѓа Сузана Димитриевска оствари работна средба со Директорот на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, г-дин Никица Бачовски. На средбата се дискутираше за одредени прашања кои ги засегаат земјоделските задруги, а се во доменот на функционирање на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој. Средбата беше многу конструктивна и на неа се разгледаа и неколку предлози на МАЗЗ кои би можеле да бидат од полза за подобра севкупна организираност на системот во однос на редовна и навремена исплата на мерките за поддршка на земјоделските задруги. МАЗЗ продолжува со активностите за лобирање и застапување на интересите на своите членови и како таква останува единствена и најголема чадор организација на земјоделските задруги во државата.

# МАЗЗ дел од Нацрт – Стратешки план за развој на земјоделските задруги (2022-2028)

Македонската асоцијација на земјоделски задруги беше дел од консултативниот процес за подготовка на „Нацрт – Стратешки план за развој на земјоделските задруги (2022-2028)“. Визијата на стратегијата е да се создаде подобра иднина во која земјоделските задруги ќе можат да ги подобрат своите економски резултати и да го засилат своето социјално влијание без да го зголемат својот еколошки отпечаток. Ова ќе се постигне со одделување на економскиот раст од еколошкото влијание и негово поврзување со социјалното влијание. Иновациите и технологијата ќе играат клучна улога за постигнување на целите на стратегијата.

# МАЗЗ дел од завршната конференција на проектот „Поддршка за развој на земјоделски задруги“





На 22 октомври во х. Александар Палас во Скопје се одржа завршната конференција на проектот „Поддршка за развој на земјоделски задруги“ финансиран од Европската унија а имплементиран од CARE International и Македонска развојна фондација за претпријатија. На конференцијата свое обраќање имаа: г -дин Аријанит Хоџа – министер, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, г -дин Константинос Супилас – програмски менаџер на Европската Унија, г -ѓа Сумка Бучан – регионален директор на CARE Balkans, г -дин Лазар Неданоски -извршен директор на Македонската развојна фондација за претпријатија, Г-ѓа Сузана Димитриевска, претседател – Македонската асоцијација на земјоделски задруги и г-дин Драган Периќ – проектен менаџер во CARE. За време на настанот беа презентирани резултатите од проектот, како и успешни видео прикazни на земјоделски задруги.

Претседателката на Македонската асоцијација на земјоделски задруги, г-ѓа Димитриевска во своето обраќање им се заблагодари на партнерите за укажаната доверба што токму МАЗЗ беше избраната чадор организација која ќе работи заеднички со нив за унапредување и развој на земјоделските задруги во Р. Северна Македонија. Исто така во своето обраќање г-ѓа Димитриевска потенцираше дека проектот „Бизнис план 2019-2020“ постави цврсти темели за иднината на МАЗЗ, со што портфолиото и профилот на организацијата достигнаа голем развој  односно се успеа да се даде одржливост и континуитет на функционирањето на организацијата за подолг временски период.





# Делегација на МАЗЗ во посета на 15-от по ред саем за Етно храна и пијалоци во Белград




На покана на Задружните сојузи на Војводина и Р. Србија во периодот од 25-ти до 27-ми ноември делегација на Македонската асоцијација на земјоделски задруги беше во официјална посета на 15-тото издание на саемот за Етно храна и пијалоци во Белград, Р. Србија.

На саемот преку 300 производители имаа можност да ги изложат своите автентични домашни прехранбени производи. Под мотото „Воспоставување бренд за етно производ“, имаше цел да помогне во презентирањето и дефинирањето на традиционалните прехранбени производи, подобрување на презентацијата и продажбата, заштита на географското потекло и рецепти и поширока примена на овие производи во ресторантите и хотелите и секојдневната исхрана.

Етно саемот за храна и пијалаци во последните 14 години има одиграно значајна улога во брендирањето, промовирањето и маркетингот на лесковачкиот ајвар, качарскиот мед, хомољскиот мед, крекерите од тутун, футошката зелка, пиротските пеглани колбаси, вурда, баница, вртка, разни џемови, слатки, кисела зима, специјалитети од сувомеснати производи, млечни производи, сирења, мед, мешавини од чај, сушено овошје, пекарски производи, вино и ракија, од кои многу станаа извозни производи. Посебен аспект на настанот имаше промоцијата на органска храна, пијалоци и вода како и опрема и пакување за производство и складирање на овие производи.





# Одржана обука за Маркетинг и брендирање во земјоделски задруги




Во периодот од 29.11-01.12.2021 година во хотел Гранит, Охрид се одржа дводневна обука на тема Маркетинг и брендирање во земјоделските задруги за потребите на Управниот и Надзорниот одбор на Македонската асоцијација на земјоделски задруги. Обуката беше спроведена преку проектот „Поддршка за поконкурентно и одржливо земјоделство во Северна Македонија“ кој што е имплементиран од страна на CARE International, а финансиски поддржан од Германската покраина Северна Рајна-Вестфалија.



# Назив на грант:
# **„Институционално јакнење на ЗМАЗЗ“**

Годишниот план за работа на ЗМАЗЗ е поддржан од
**Цивика мобилитас**

Времетраење на грант: **24 месеци**
1 година (Г1): **01.07.2020-30.06.2021**
2 година (Г2): **30.06.2021-30.06.2022**

Висина на грант
Г1: **1.746.500 МКД**
Г2: **1.700.000 МКД**

Целосен износ на грант: **3.446.500 МКД**

## Контакт

**ЛИЦЕ ЗА КОНТАКТ**
Мартин Мицевски – Генерален секретар
Тел: 072/273-567
Е- мејл: m.micevski@mazz.mk

## Извршна канцеларија

**Адреса: ул. “Јордан Мијалков” бр. 38/1**
**1000 Скопје,**
**Република Северна Македонија**

**Телефон: 02/3141-830**
**070/290 853**

**Е-мејл: mazz@mazz.mk**
**Веб сајт: www.mazz.mk**

**Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на Македонската асоцијација на земјоделски задруги и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Цивика мобилитас, Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC) или организациите што ја спроведуваат**